## Зошто „Алкалоид“?

Затоа што сме една од водечките фармацевтски компании во регионот, која постојано тежнее кон супериорен квалитет на производите, како и кон висока професионалност и континуиран успех. Постојано инвестираме во својот сон за поздрав живот на секој поединец затоа што веруваме дека **ЗДРАВЈЕТО Е ПРЕД СÈ!**




# ПРИКЛУЧЕТЕ СЕ КОН НАШИОТ ТИМ!

**Бараме ПОМЛАД КООРДИНАТОР ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА**
Доколку сакате да бидете дел од тимот на Општи работи – Безбедност и здравје при работа во модерна фармацевтска компанија која се грижи за своите вработени и доколку ги поседувате потребните квалификации, ПРИЈАВЕТЕ СЕ!

## Како ќе ве препознаеме?

- Имате завршено високо образование, отсек *Заштита при работа* или друг технички отсек, со најмалку 3 години работен стаж во струката.
- Имате високи познавања од областа *безбедност и здравје при работа*.
- Имате познавања од областа на ИСО-стандардите.
- Имате вештини да управувате со повеќе работни обврски преку поставување приоритети, идентификување и преку лоцирање проблеми.
- Се одликувате со точност, прецизност и со педантност во работењето, со особена грижа кон почитување на стандардите за безбедност и здравје при работа.
- Имате одлични комуникациски способности.
- Самоуверени сте во работата со пакетот MS Office.
- Имате средно познавање на англискиот јазик.
- Поседувате уверение за стручно лице за безбедност при работа.
- Поседувате возачка дозвола од Бе-категорија и сте активен возач.
- Сертификат за интерен аудитор за ISO 45001 ќе се смета за предност.

## Цели и одговорности на работното место

- Извршување работни активности од доменот *безбедност и здравје при работа*.
- Учество во изготвувањето и во ажурирањето на стручната основа за изјавата за безбедност.
- Вршење внатрешен надзор над спроведувањето на мерките за безбедно извршување на работата.
- Извршување активности околу организирањето редовни и контролни прегледи на хемиски, физички или на биолошките ризици во работната средина и организирање редовни и контролни прегледи и испитување на работната опрема.
- Изработка на упатства за безбедно извршување на работата.
- Извршување активности околу повредите поврзани со работењето, професионалните болести и околу идентификацијата на причините за нив и подготовка на извештаи за работодавецот, заедно со сите предложени безбедносни мерки, со претходна консултација на директно претпоставените.
- Извршување активности околу подготовката на програмата и околу спроведувањето на обуката на вработените за безбедно извршување на работата.
- Извршување активности околу организирањето превентивни здравствени прегледи.
- Извршување активности во врска со менаџирањето на хигиената во објектите и во фабричкиот круг.
- Извршување активности во врска со менаџирањето на заштитата на вработените од заразни болести.

## Што нудиме?

- Можности за континуиран професионален и личен раст и развој
- Компетитивни месечни приходи
- Дополнителни награди и бенефити во зависност од остварените цели

**Аплицирајте на:** https://career.alkaloid.com.mk/career_opportunities/details/12

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
*Здравјето пред сè*